# ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД 11, 13 И 15 ГОДИНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Национален извештај за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст од истражувањето во 2021/22 година во Република Северна Македонија

**Маја Цветаноска, Лина Ќостарова-Унковска, Шерузе Османи Балажи, Иван Христов**

Магнусија

# ВРСНИЧКО НАСИЛСТВО КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД 11, 13 И 15 ГОДИНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Национален извештај за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст од истражувањето во 2021/22 година во Република Северна Македонија

**Маја Цветаноска, Лина Ќостарова-Унковска, Шерузе Османи Балажи, Иван Христов**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.624-057.874:364.63”2021-2022”(497.7)(047.31)
364.63-057.874”2021-2022”(497.7)(047.31)

ВРСНИЧКО насилство кај учениците од 11, 13 и 15 години во Република Северна Македонија : Национален извештај за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст од истражувањето во 2021/22 година во Република Северна Македонија / Маја Цветаноска,...[и др.]. - Скопје : Центар за психо-социјална и кризна акција Малинска, 2025. - 31 стр. : табели, граф. прикази ; 21 см

Фусноти кон текстот. - Останати автори: Лина Ќостарова-Унковска, Шерузе Османи Балажи, Иван Христов. - Библиографија: стр. 29-30

ISBN 978-9989-9544-7-4

1. Цветаноска, Маја [автор] 2. Ќостарова-Унковска, Лина [автор] 3. Османи Балажи, Шерузе [автор] 4. Христов, Иван [автор]
а) Врсничко насилство -- Социјална интеракција -- Ученици -- Македонија -- 2021, 2022 -- Извештаи б) Булинг -- Мобинг -- Ученици -- Македонија -- 2021, 2022 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 65688325

Оваа публикација е подготвена со поддршка на УНФПА, Фондот за население на Обединетите нации. Ставовите изразени во оваа публикација се ставови на авторите и не ги претставуваат секогаш ставовите на УНФПА, Обединетите нации или која било поврзана организација.

**Апстракт**
Студијата за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (ХБСЦ) е меѓународна лонгитудинална студија која се спроведува секоја четврта година, во соработка со Регионалната канцеларија на Светската здравствена организација за Европа. Во Република Северна Македонија Студијата ја спроведува Центарот за психо-социјална и кризна акција-Малинска, со одобрение од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието на Република Северна Македонија и во соработка со Фондот за население на Обединетите Нации - УНФПА. Истражувањето се спроведува на национален репрезентативен примерок, во училишта со настава на македонски и албански јазик. Наодите од истражувањето се достапни за користење на национално, регионално и меѓународно ниво, овозможувајќи подобро разбирање на здравјето и добросостојбата на адолецентите и социјалните детерминанти на здравјето, со цел креирање информирани политики, интервенции и практики кои го унапредуваат квалитетот на живот на младите луѓе.

Овој извештај е првиот од националните извештаи за истражувањето во 2021/22 година, во кој се прикажани наодите за врсничкото насилство (малтретирање во училиште, сајбермалтретирање и тепачки), улогата на родот, социјалните нееднаквости и промената во однесувањата поврзани со малтретирањето и тепачките во периодите пред и по пандемијата со Ковид-19. Во овој извештај се прикажани и дел од наодите поврзани со доживеаното насилство врз адолесцентите кои изјавиле дека малтретираат, со цел да се разбере кругот на насилство кој се одржува во семејствата и заедницата.

**Извештајот го прегледале:** Калина Сотироска Иваноска, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје; Луљета Беџети, Универзитет во Тетово, Ибрахим Незири, Универзитет во Тетово; и Ана Попризова, СУГС „Орце Николов“, Скопје.

**Клучни зборови:** ЗДРАВСТВЕН СТАТУС, НЕЕДНАКВОСТИ, АДОЛЕСЦЕНТИ, МАЛТРЕТИРАЊЕ, САЈБЕРМАЛТРЕТИРАЊЕ, ТЕПАЧКИ, НАСИЛСТВО

**Начин на цитирање:** Цветаноска М, Ќостарова-Унковска Л, Османи Балажи Ш, Христов И. Врсничко насилство кај учениците од 11, 13 и 15 години во Република Северна Македонија. Национален извештај за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст од истражувањето во 2021/22 година во Република Северна Македонија. 2024. Малинска, Скопје

**Начин на пристап (URL):** https://northmacedonia.unfpa.org/en

ISBN

**Дизајн:** Елена Димановска

Скопје, Република Северна Македонија

# Содржина


## Благодарност 3

## Вовед 5

### Врсничко насилство во раната адолесценција 5

### Позадина на насилното однесување на учениците на 11, 13 и 15 години во нашата земја 6

## Истражувачки контекст и мерки 8

Мерки за врсничко насилство и за искуствата со насилство врз деца 8

## Наоди 11

### Наоди за видовите врсничко насилство 11

Ученици кои биле малтретирани во училиште 11
Ученици кои малтретирале други во училиште 12
Ученици кои биле сајбермалтретирани 13
Ученици кои учествувале во сајбермалтретирање 13
Ученици кои учествувале во тепачки 14

### Наоди за искуствата со насилство врз децата 15

Ученици кои биле физички злоупотребени 15
Ученици кои биле емоционално злоупотребени 16
Ученици кои биле сексуално злоупотребени 16
Ученици кои сведочеле домашно насилство 17

## Основни тенденции 19

### Родови разлики 19

### Влијанието на возраста 19

### Промени со текот на времето пред и по ковид 20

## Заклучоци 23

## Препораки 25

## Примери на добри практики за превенција на врсничкото насилство 27

### Пример од нашата земја 27

### Примери од други земји 27

Програма Олвеус 27
Програма КиВа 27

## Користена литература 29

# Благодарност

Меѓународното истражување во 2021/2022 година го раководеше Меѓународниот координативен центар на ХБСЦ, при Универзитетот во Глазгов, Глазгов, Обединето кралство (Шкотска), под раководство на Џо Инчли, Координатор на Студијата ХБСЦ. Податоците беа управувани, прочистени и подготвени за користење од страна на Центарот за раководење со банки на податоци (Databank Management Centre), Универзитет во Берген, Берген, Норвешка, со кој раководи Одрун Самдал.

Националното истражување беше спроведено под раководство на Лина Ќостарова-Унковска, главен истражувач, со членовите на истражувачкиот тим: Калина Сотироска Иваноска, Шерузе Османи Балажи, Луљета Беџети, Ибрахим Незири, Ана Попризова, Иван Христов и Маја Цветаноска, во соработка со тимот на регионални координатори: Бехаре Касами, Весна Терзиоска, Ирена Дончевска, Лилјана Арсова, Рената Дедова, Сара Османи, Сафет Балажи и Снежана Узунова. Одговорни за спроведување на истражувањето во училиштата беа 148 училишни координатори од 141 основно и средно училиште од сите осум региони во Република Северна Македонија, со паралелки на македонски и албански наставен јазик.

Националниот тим се заблагодарува на училишните раководства, стручните тимови во училиштата, учениците и родителите за посветеното учество во овој истражувачки циклус.

Посебна благодарност упатуваме до Универзитетот во Тетово за изработката на онлајн платформата за првото електронско прибирање податоци во рамките на овој истражувачки циклус, како и за обезбедување висок квалитет на целиот процес, раководен од Ибрахим Незири.

Благодарни сме им на студентите, волонтери, од Универзитетот во Тетово, кои помогнаа во реализација на теренскиот дел од истражувањето: Албана Узаири, Арбнора Шабани, Барда Изаири, Валмира Сејдини, Лирие Алити, Медина Имери и Фатиме Зулќуфлиу.

Благодарност упатуваме и до поддржувачите на последниот истражувачки циклус, кои со своето знаење, труд и време помогнаа за негова успешна реализација: Стефан Ќостаров за дизајн и подготовка за печат на прашалниците, Бехаре Касами за превод и лектура на прашалниците на албански јазик, Љубинка Брашнарска и Злата Ѓуроска Брајовиќ за превод и превод на преводот на македонски и англиски јазик, Виолета Караџовска за лектура на прашалниците на македонски јазик.

Благодариме и на проф. Елизабета Ѓоргиевска, сопруга на поранешниот Претседател на Република Северна Македонија за континуираната поддршка во промоцијата на Студијата ХБСЦ, како и на Филозофските факултети при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Универзитетот во Тетово, за поддршката во споделувањето на наодите од овој истражувачки циклус со академската и професионалната заедница во земјава.

Студијата ХБСЦ се спроведува со одобрение и поддршка од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија и Бирото за развој на образованието.

Финансиската поддршка за оваа публикација ја обезбеди Фондот за население на Обединетите нации - УНФПА.

# Вовед

На крајот на минатиот век, насилството се прогласува за голем здравствен проблем, со што и насилството врз децата од тема во сенка полека станува видлива преку бројки и докази на глобално ниво (1). Комплексноста и долгата традиција на насилството како табу-тема ги прави промените многу тешки и бавни, па така и по речиси три децении, глобалните наоди укажуваат на сериозна состојба на здравјето на децата и младите поради нивната изложеност на разни видови насилство. Ветувањето свет без насилство до 2030 година е голем предизвик, за кој е потребна целокупна заложба од заедницата, на локално и глобално ниво, бидејќи, сè уште, податоците покажуваат дека секое второ дете во светот искусува некаква форма на насилство и речиси секој трет ученик во светот бил малтретиран од свои врсници најмалку еднаш во последниот месец (2).

Актуелните истражувања кај нас (3, 4) покажуваат дека сиромаштијата, родовата нееднаквост и традиционалната култура сè уште го поддржуваат насилството кон децата дури и во денешно време. Мнозинството родители во нашата средина веруваат дека насилните методи функционираат, дека казната е често оправдана воспитна мерка и дека децата не смеат да им се спротивставуваат на постарите. Сето тоа е поткрепено од личните искуства од детството и од социјалните норми или разбирањето дека мнозинството го „прави тоа“ и дека „не е осудено“ од страна на другите.

Препораките за искоренување на насилството, кои произлегуваат од глобалните анализи (5), меѓу другото, зборуваат за потребата државите да имаат евиденција за ранливите категории деца, за родовата димензија, за напредокот во поглед на превенцијата на насилство, како и за клучното значење на вклучувањето на децата во процесите за справување со насилството.

*„Препорачувам државите активно да ги вклучат децата и да ги почитуваат нивните ставови во сите аспекти на превенцијата, одговорот и следењето на насилството врз нив, имајќи го предвид член 12 од Конвенција за правата на детето. Треба да бидат поддржани и охрабрени организациите за деца и иницијативите за справување со насилството водени од деца, кои се во најдобар интерес на детето.“ - Пауло Сежу Пиеиру, независен експерт за Студијата на Генералниот секретар при Обединетите нации за насилство врз децата.*

Оваа силна препорака сè уште е далеку од значајна реализација во нашата земја, каде децата се на најдолното скалило на моќ и учество во семејниот, училишниот и општествениот живот. И покрај стратешките заложби и законските обврски детскиот глас да биде слушнат, праксата покажува дека кога децата се соочуваат со предизвик, како на пример врсничко насилство, нема кој да ги слушне.

## Врсничко насилство во раната адолесценција

Адолесценцијата е најкомплексниот развоен период во животот, кој се карактеризира со голема разнообразност и динамика на промени на сите полиња од развојот на детето, но и со исклучителен капацитет за проверка и редефинирање на постоечките перспективи, ставови

и вредности, кои силно влијаат врз неговото актуелно однесување, но и на крајниот исход по здравјето и добросостојбата на возрасниот човек во иднина (8).

Децата во раната адолесценција се соочуваат со бројни предизвици на кои тешко добиваат одговор, меѓу кои многу често се и насилствата, како што се тепачки, но и најразлични форми на малтретирање и злоупотреба. Во последно време сè поприсутно е и сајбермалтретирањето кое особено се засили со почетокот на пандемијата со вирусот Ковид-19, кога технологијата и социјалните медиуми станаа доминантно средство за комуникација и образование (6).

Малтретирањето, како една од формите на насилство, се случува во училиштето и надвор од него, како и онлајн, на социјалните мрежи. Во последниве години сè поотворено се зборува за оваа форма на врсничкото насилство, училиштата се вклучуваат во програми за негово препознавање и превенција, но и покрај тоа, родителите и училишниот кадар немаат доволно сознанија за позадината и сложеноста на појавата, како ни доволно компетенции за соодветни одговори и превенција на насилството во училиштето (3, 9). Во вакви услови, најчесто кругот на насилство продолжува да се храни и да стимулира исклучување и изолација на децата и младите кои се етикетираат како „насилници“, наместо нивно вклучување и поврзување со врсниците и значајните возрасни.

## Позадина на насилното однесување на учениците на 11, 13 и 15 години во нашата земја

Адолесцентите кои се засегнати со насилство - и оние кои го вршат и оние кои го трпат насилството - се под голем ризик по нивното ментално и физичко здравје (5). За да работиме во насока на прекинување на кругот на насилство, потребно е да погледнеме во позадината на насилното однесување на децата и младите кои вршат малтретирање и сајбермалтретирање, кои се во ризик по своето ментално здравје (7). Од клучно значење е да ги разбереме нивните рани искуства како жртви на насилство и злоупотреба, како и да погледнеме во намалената поддршка од нивните значајни лица за да имаме солидна основа да планираме програми за превенција и интервенции кои се скроени според потребите и правата на оваа ранлива категорија адолесценти (14).

Наодите од Студијата ХБСЦ укажуваат на поголема ранливост на децата кои пријавиле учество во малтретирање на други, од нивните врсници, кај повеќе индикатори (7). На пример, овие деца покажуваат повеќе психосоматски тегоби и депресивност во однос на своите врсници кои не пријавиле дека учествувале во малтретирање на други, а меѓу нив најранливи се девојчињата на 15 години. Едно од 10 деца меѓу нив се чувствува секогаш осамено.

Понатаму, децата кои изјавиле дека вршат малтретирање имаат помали капацитети за справување со животните предзвици споредено со нивните врсници, односно повеќе доживуваат дека животот е непредвидлив, без контрола и со чувство на преплавеност од животните проблеми; покажуваат намалена ментална добросостојба, зголемен ризик од депресија и имаат пониски емоционални капацитети (доживување и однесување кон сопствените и туѓите чувства) (7).

Во позадина е нивното искуство со физичко и психичко насилство во домот, сексуално насилство, запоставеност, недостаток од грижа од возрасен, а многу од нив сведочеле и насилство во домот (7).

Исто така, овие деца чувствуваат помала поддршка од своите врсници, наставници и родители, како и помала приврзаност кон училиштето (7).

Клучните наоди за врсничкото насилство на меѓународно ниво укажуваат на крупни промени во полето на адолесцентските интеракции, како и во порастот на електронските наспроти непосредните, директни комуникации меѓу младите, со што се зголемуваат и ризиците од сајбернасилство, за сметка на традиционалното врсничко насилство (6). Сепак, и сите останати видови насилства меѓу врсниците, како и нивната поврзаност со контекстот и културата на заедницата во која децата учат и растат, бараат целосно и сеопфатно внимание.

Овој извештај има за цел да информира и да придонесе кон подобро разбирање на насилното однесување, како и на факторите поврзани со насилството меѓу младите. Истовремено,тој може да послужи и како насока за градење на побезбедни училишни средини во кои секое дете е забележано и поддржано во својот развој.

# Истражувачки контекст и мерки

Еден од поконзистентните канали отворени за гласот на децата и младите кај нас е нивното вклучување во повеќе истражувачки и комуникациски активности во рамки на Студијата ХБСЦ за однесувањата поврзани со здравјето на децата на училишна возраст (11-15 години)[1]. Оваа лонгитудинална, колаборативна студија на Светската здравствена организација (СЗО) се спроведува во повеќе од 50 земји од Европа, Канада и Азија во текот на изминатите 40 години, а во последните 20 години и во нашата земја[2].

Студијата се потпира на позитивни социолошки и психолошки теории за здравјето како ресурс и квалитет на животот, како целина од физичко, ментално, социјално и духовно здравје, наспроти медицинскиот модел, според кој здравјето се гледа како отсуство на болест. Биоеколошкиот модел на здравјето, на кој се потпира Студијата, е концепциска рамка за разбирање на поврзаноста на индивидуата со микро и макросредините и нивната интеракција во унапредување на здравјето и добросостојбата на човекот и заедницата.

Целта на студијата е да се стекне увид во актуелните состојби на здравјето на децата во сите негови облици, во конкретни животни околности, компаративно следени во различни контексти, со други земји и култури, како и следени преку подолги периоди, во циклуси од четири години.

Истражувањето се спроведува со примена на строг протокол за задавање и обработка на податоците, кој ја гарантира анонимноста на секое дете. Инструментите кои се користат во истражувањето се групирани во 1) задолжителен прашалник за сите земји и 2) повеќе изборни прашалници со теми од интерес на секоја земја.

Во овој извештај се презентирани наодите за врсничкото насилство од истражувачкиот циклус спроведен во 2021/22 година во 44 земји и региони, на примерок од 279.000 млади, меѓу кои и во Северна Македонија, со национален примерок од 5.144 адолесценти.

Наодите се прикажани во две групи: 1) наоди за трите форми на врсничко насилство - малтретирање во живо, сајбермалтретирање и учество во тепачки; и 2) наоди за искуствата со насилство на децата кои малтретираат други врсници. Опишани се и мерките за секој од овие индикатори.

## Мерки за врсничко насилство и за искуствата со насилство врз деца

**Училишно малтретирање (булинг)** опфаќа негативни, непријателски физички или вербални однесувања, кои се повторуваат во некој временски период и предизвикуваат вознемиреност кај жртвата, а подразбираат разлика во моќта помеѓу насилникот и жртвата

1 https://hbsc.org/
https://hbscmacedonia.wordpress.com/

2 Основана во 1983 од истражувачи од три земји, како независно меѓународно истражување, со растечки број земји, меѓу кои и Република Северна Македонија, како полноправна членка од 2002 година. ХБСЦ е социолошка лонгитудинална студија со сеопфатен пристап кон здравјето и факторите на влијанија врз здравствените навики и однесувања, наспроти епидемиолошките истражувања. Се спроведува на секои 4 години, на национален примерок ученици од 11, 13 и 15 години, во сè поголем број земји од Европа, С. Америка, Канада и др.

(10, 11). Малтретирањето се разликува од другите форми на насилство токму по овие три карактеристики: има намера да се нанесе повреда на друго лице, постои нерамнотежа во позициите на моќ и повредувањето се повторува.

**Видовите училишно малтретирање** се опфатени со прашања кои се однесуваат на зачестеноста на седум различни видови училишно малтретирање и виктимизација, вклучително и дофрлањето погрдни имиња, намерно исклучување, физичко малтретирање, малтретирање врз основа на раса или религија, како и сексуални шеги. Овие прашања се засноваат на оригиналниот истражувачки инструмент на Олвеус (12).

**Сајбермалтретирање** е намерно однесување кое има за цел да му наштети на друго лице или лица преку споделување доверливи фотографии, видеа или написи преку компјутери, мобилни телефони и други електронски уреди, без согласност или знаење на жртвата, со цел омаловажување, исмевање и посрамотување (13).

**Учеството во тепачки** е дел од еден широк опсег на ризични однесувања, кои сериозно го засегаат здравјето, што го потврдуваат извештаите за негативни физички и емоционални здравствени проблеми кај младите изложени на насилни искуства. Физичките пресметки се често поврзани и со употреба на дроги и други проблематични однесувања, како што се продажба на дрога, кражба и носење оружје.

| МЕРКИ | ПРАШАЊА |
|---|---|
| Мерка за малтретиран/а | Младите беа прашани колку често биле малтретирани од друг/и врсници во училиште во изминатите неколку месеци, со можни одговори од никогаш до неколку пати неделно. Во овој извештај се прикажани одговорите за најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци. |
| Мерка за малтетирање други | Младите беа прашани колку често учествувале во малтретирање на друг/и врсници во училиште во изминатите неколку месеци, со можни одговори од никогаш до неколку пати неделно. Во овој извештај се прикажани одговорите за најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци. |
| Мерка за видови малтрерирање | Младите беа прашани колку често биле малтретирани од друг/и врсници во училиште во изминатите неколку месеци, на следните начини: ширење лаги и озборувања, дофрлување погрдни имиња, намерно исклучување, физичко насилство (удирање, туркање) и др. Можните одговори се движат од никогаш до неколку пати неделно. Во овој извештај се прикажани одговорите за најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци. |

| | |
|---|---|
| Мерка за жртва на сајбермалтретирање | Младите беа прашани дали доживеале некој да им испраќа злобни инстант пораки, објави на ѕид или е-пошта, или објавување или споделување фотографии или видеа на интернет без дозвола во изминатите неколку месеци, со можности за одговор кои се движат од никогаш до неколку пати неделно. Во овој извештај се прикажани одговорите за „најмалку еднаш или двапати во изминатите неколку месеци“, за да се долови каква и да е виктимизација. |
| Мерка за сајбермалтретирање други | Младите беа прашани дали учествувале во испраќање злобни инстант пораки, објави на ѕид или е-пошта, или објавување или споделување фотографии или видеа на интернет без дозвола во изминатите неколку месеци, со опции за одговор кои се движат од никогаш до неколку пати неделно. Во овој извештај се прикажани одговорите за „најмалку еднаш или двапати во изминатите неколку месеци“. |
| Мерка за учество во тепачки | Младите беа прашани колку пати во изминатите 12 месеци биле вклучени во физичка пресметка, со опции за одговор кои се движат од ниту еднаш до четири пати или повеќе. Тука се прикажани одговорите за „три или повеќе пати во текот на последната година“, каде што тепачката се третира како научен образец на повторувачко однесување. |
| Мерки за искуствата со насилство врз деца | Прашалникот за малтретирање на деца се фокусира на малтретирањето на децата и мери само дејство на насилство кон дете од страна на тие кои се во позиција на моќ или доверба и опфаќа физичко, емоционално и сексуално насилство. На пример, „Дали родител или друго возрасно лице во домаќинството те удрило, тепало, клоцало или физички се обидело да те повреди на кој било начин”. Одговорите се движат од 1 „никогаш”, до 3 „многу пати”. Во овој извештај прикажани се наодите за фреквенцијата „еднаш до двапати во животот“.<br><br>Сведочењето на домашно насилство се мери со прашањето „Дали си видел/а или слушнал/а твој родител/старател да биде шамаран-а, удиран-а, клоцан-а, или тепан-а, или намерно физички повредуван-а од партнерот/ката (сопругот-ата), или поранешниот партнер/ка (сопругот-ата)“, со одговори кои се движат од 1 „никогаш”, до 3 „многу пати”. Во овој извештај прикажани се наодите за фреквенцијата „еднаш до двапати во животот“. |

# Наоди

## Наоди за видовите врсничко насилство

Наодите поврзани со врсничкото насилство се презентирани одделно за секоја негова форма, како од аспект на оние кои го трпат насилството, т.н. жртви, така и од аспект на оние кои го вршат насилството, т.н. насилници[3].

### Ученици кои биле малтретирани во училиште

Наодите од 44 земји, во просек укажуваат дека 11% од адолесцентите од 11 до 15 годишна возраст биле малтретирани во училиште најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци, без значајни родови разлики.

Пропорцијата на малтретирање во македонските училишта (10%), најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци, се движи околу меѓународниот просек, со незначајни родови разлики, со исклучок на единаесетгодишните ученици. Истовремено, значајни се разликите меѓу двете најголеми етнички заедници во Северна Македонија, македонската и албанската, при што учениците од училиштата со албански наставен јазик се двојно почесто жртви на малтретирање (15%), во споредба со учениците Македонци (8%). Притоа, 17% од албанските девојчиња на 11 години, 14% на 13 години и 15% на 15 години пријавуваат малтретирање во училиште, најмалку два до три пати месечно во последните неколку месеци. Во сликата на малтретирани сепак водат единаестгодишните момчињата од албанската етничка заедница со пропорција од 21%, што е двојно повисоко од националниот просек.




**График 1.** Пропорции на ученици кои биле малтретирани најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци

3 Кога се зборува за насилства кај деца и млади, називите „жртва“ и „насилник“ не помагаат да се разбере насилството, а уште помалку да се одговори на насилството ефикасно. Напротив, тие се „лепат“ за младите, лишувајќи ги од можноста за промена и надминување на предизвиците со кои се соочуваат во својот развој. Со тоа се негира и потенцијалот за промени, кој е можеби и најсилен токму во периодот на адолесценција. Затоа, термините „жртва“ и „насилник“ во овој извештај се користат условно, а не како затворени и непроменливи категории.

Значајни родови разлики има кај 11-годишните момчиња и девојчиња[4] додека семејната имотност на децата не игра значајна улога во стапката на малтретирање меѓу учениците.

Во поглед на видовите малтретирање на кои се изложени нашите ученици (11-15 год.), најчесто и најчувствителни се децата на ширењето лаги и на озборувањата (24%), при што дури 22% момчиња и 26% девојчиња имале такви искуства во изминатиот месец. На второ место (22%) е дофрлувањето со погрдни имиња (М=21%; Д=22%), додека на исклучување се пожалиле 14% момчиња и 15% девојчиња. Едно од 10 деца (11%) имале искуство на физичко насилство (удирање, туркање), од кои повеќе момчиња (14%) од девојчиња (9%) најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци, односно едно меѓу 17 девојчиња (6%), еднаш или двапати во изминатите месец дена го доживеале истото.

## Ученици кои малтретирале други во училиште

Во просек, 6% деца од меѓународниот примерок од 44 земји малтретирале други ученици во училиштето најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци, при што момчињата почесто (8%), од девојчињата (5%).

На учениците кои малтретираат други, најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци, во училиштата од Северна Македонија, во просек отпаѓаат 9%, од кои 10% се момчиња и 7% девојчиња, што е над меѓународниот просек. И тука повисока е стапката на ученици кои малтретираат други меѓу учениците од албанската етничка заедница (11%), односно од училиштата на албански наставен јазик, наспроти училиштата со македонски наставен јазик (8%).

Значајни родови разлики се утврдени кај 11-годишните момчиња и девојчиња[5], а, пак не е утврдена значајна разлика во поглед на имотноста.




**График 2.** Пропорции на ученици кои изјавиле дека малтретирале други ученици најмалку 2-3 пати месечно во последните неколку месеци

4 Значајна разлика (p<0.05)
5 Значајна разлика (p<0.05)

## Ученици кои биле сајбермалтретирани

Меѓународните просеци од Студијата ХБСЦ во 2022 година (44 земји) откриваат дека приближно 1 од 6 ученици (15%) доживеале сајбернасилство, еднакво меѓу момчињата и девојчињата, најмалку 1-2 пати во последните неколку месеци.
Учениците на 11-15 години во нашата земја ги следат овие трендови со 14% момчиња и 15% девојчиња кои пријавиле сајбермалтретирање. Притоа, најчесто сајбермалтретирани од сите групи испитаници се албанските момчиња на 11 години (21%).

Значајни родови разлики има само кај децата на 11 години[6], додека семејната имотност не игра значајна улога ниту кај овој вид насилство.




**График 3.** Пропорции на ученици кои изјавиле дека биле сајбермалтретирани најмалку 1-2 пати во последните неколку месеци

## Ученици кои учествувале во сајбермалтретирање

Во меѓународниот примерок, 12% од момчињата и 9% од девојчињата изјавиле дека сајбермалтретирале други најмалку еднаш до два пати во последните неколку месеци.

Кај нас, 15% од момчињата и 10% од девојчињата учествувале во сајбермалтретирање други, најмалку еднаш до два пати во последните неколку месеци, при што етничките разлики се незначајни.

Значајни родови разлики во сајбермалтретирање се констатирани на сите три возрасти[7], во просек, при што, на сите три возрасти почесто сајбермалтретираат момчињата од девојчињата. Нема разлики во сајбероднесувањето на учениците поврзано со нивната семејна имотност.

6 Значајна разлика ($p<0.05$)
7 Значајна разлика ($p<0.05$)




**График 4.** Пропорции на ученици кои изјавиле дека учествувале во сајбермалтретирање најмалку 1-2 пати во последните неколку месеци

## Ученици кои учествувале во тепачки

Во просек, 10% млади (11-15 год.) од 44 земји пријавиле дека учествувале во тепачки најмалку **трипати во последните 12 месеци**, со значајна родова разлика меѓу момчињата (14%) и девојчињата (6%).

Во иста насока се движат и националните просеци за пријавени најмалку **три тепачки во годината** (10%), со слична родова разлика, 13% меѓу момчињата и 6% меѓу девојчињата на 11-15 години.

Значајни родови разлики се забележани кај секоја од трите возрасти, во двете етнички заедници, со исклучок на единаесетгодишните ученици од албанските паралелки.

Со возраста, преваленцијата на тепачки меѓу учениците (11-15г.) од македонските паралелки е во опаѓање, додека кај момчињата (11-15г.) во албанските паралелки, таа е во пораст.

Етнички разлики во учеството во тепачки се забележуваат кај момчињата на возраст од 11 и 15 години, во различна насока. Додека на 11 години најчести се тепачките меѓу учениците од македонските паралелки (16%), на 15 години сликата се менува, со највисока преваленција на тепачки меѓу албанските момчиња (17%).

Момчињата од поимотните семејства (17%) почесто учествуваат во тепачки од помалку имотните (14%).




**График 5.** Пропорции на ученици кои учествувале во тепачки најмалку 3 пати во последните 12 месеци

Од друга страна, најмалку **еднаш во годината** се степале дури 20% од момчињата, односно 15% од девојчињата (во просек), при што и етничките разлики се значајни – 21% кај албанските наспроти 16% кај македонските ученици.

Највисока стапка на тепачки **еднаш годишно** е забележана кај албанските момчиња на 11 години (26%) и 13 години (24%), како и кај македонските тринаесетгодишни момчиња (23%).

## Наоди за искуствата со насилство врз децата

Во овој дел се прикажани наодите за личните искуства на учениците со насилство врз нив, како за оние кои изјавиле дека малтретираат други, така и за оние кои не малтретираат.

### Ученици кои биле физички злоупотребени

Поголем е процентот на ученици кои биле физички злоупотребени еднаш или двапати во животот меѓу учениците кои пријавиле дека малтретираат други врсници, во однос на оние кои изјавиле дека не малтретираат. Исклучок од ова се девојчињата на 15 години. Повеќе момчињата од девојчињата кои изјавиле дека малтретирале други, биле физички злоупотребени еднаш или двапати во животот. Разликите се најголеми на 11 и 15 годишна возраст (28% момчиња наспроти 20% девојчиња на 11 години; 29% момчиња наспроти 17% девојчиња на 15 години)




**График 6.** Пропорции на ученици кои биле физички злоупотребени

## Ученици кои биле емоционално злоупотребени

Поголем е процентот и на ученици кои биле емоционално злоупотребени еднаш или двапати во животот меѓу учениците кои пријавиле дека малтретираат други врсници, во однос на оние кои изјавиле дека не малтретираат, со исклучок на девојчињата на 15 години. Меѓу нив, најзасегнати се момчињата (26%) и девојчињата (25%) на 11 години, девојчињата на 13 години (26%) и момчињана 15 години (22%).




**График 7.** Пропорции на ученици кои биле емоционално злоупотребени

## Ученици кои биле сексуално злоупотребени

Учениците кои пријавиле дека малтретираат се почесто жртви на сексуална злоупотреба со допири и галење во споредба со своите врсници кои не малтретираат. Овој наод се однесува и на момчињата и на девојчињата на сите три возрасти. Особено се засегнати девојчињата на 15 години.




**График 8.** Пропорции на ученици кои биле сексуално злоупотребени

## Ученици кои сведочеле домашно насилство

Значајни се разликите и во поглед на искуствата со сведочење домашно насилство меѓу учениците кои пријавиле дека малтретираат други врсници и оние кои изјавиле дека не малтретираат, со исклучок на девојчињата на 15 години. Најмалку едно од 10 деца кои изјавиле дека малтретираат сведочеле домашно насилство еднаш или двапати во животот. Меѓу нив, најбројни се момчињата на 11 години (19%) и девојчињата на 13 години (15%).




**График 9.** Пропорции на ученици кои сведочеле домашно насилство



# Основни тенденции

## Родови разлики

Општо земено, според податоците од 2022 година, родовите разлики на повеќето истражени индикатори на насилството се значајни. Притоа, во улога на жртви најчесто се препознаваат девојчињата, со исклучок на единаесетгодишните момчиња, кои значајно повеќе од своите врснички се вклучени во сите форми на врсничко насилство, како вршејќи, така и трпејќи насилство.

Значајни родови разлики на сите три возрасти има и кај младите кои изјавиле дека вршеле сајбермалтретирање и учествувале во тепачки. И во двата случаи повеќе момчињата отколку девојчињата се ангажирани во овие форми на насилство.

## Влијанието на возраста

Возраста различно влијае врз насилното однесување и искуства кај момчињата и девојчињата. Додека со возраста опаѓа пропорцијата на момчиња кои се малтретирани, кај девојчињата е најчесто изразена виктимизацијата на 13 години. Разгледани и во етнички подгрупи, најранливи се момчињата и девојчињата на 11 години од албанските паралелки. Со возраста опаѓа и пропорцијата на момчиња кои малтретираат други, додека кај девојчињата трендот е релативно стабилен.

Во поглед на сајбермалтретирањето, со возраста, девојчињата се сé почести жртви, за разлика од момчињата. Со возраста, момчињата и девојчињата од македонската заедница повеќе се ангажираат во сајбер-малтретирање на други врсници, од учениците од албанските паралелки.

Со возраста расте и бројот на момчиња од албанската заедница кои се вклучуваат во тепачки, додека кај девојчињата албанки, како и кај македонските момчиња и девојчиња, преваленцијата на учество во тепачки со возраста опаѓа.

## Промени со текот на времето пред и по ковид

Во 2022г., по пандемијата со вирусот Ковид-19, расте бројот на момчиња и девојчиња на сите возрасти кои известуваат дека се малтретирани во училиште најмалку 2 или 3 пати во последните неколку месеци. Најголем пораст споредено со 2018 година, пред пандемијата со Ковид-19, се забележува во пропорциите на момчиња и девојчиња на 11 години (М: 9% во 2018г. и 14% во 2022г.; Д: 5% во 2018г. и 11% во 2022г.)




**График 10.** Пропорции на ученици кои биле малтретирани на училиште најмалку 2 или 3 пати во последните неколку месеци, пред и по ковид

Во 2022 година (пост-ковид) расте бројот на момчиња и девојчиња на 11 години (М: 8% во 2018г. и 12% во 2022г.; Д: 3% во 2018г. и 8% во 2022г.) и на девојчиња на 15 години кои учествуваат во малтретирање други ученици во училиштето најмалку 2 или 3 пати месечно во последните неколку месеци, а опаѓа кај момчињата на 15 години (Д: 5% во 2018г. и 7% во 2022г.; М: 10% во 2018г. и 9% во 2022г.).




**График 11.** Пропорции на ученици кои малтретирале друг-и ученик(ци) во училиштето најмалку 2 или 3 пати во последните неколку месеци, пред и по ковид

Порастот на ученици кои изјавиле дека биле сајбермалтретирани најмалку еднаш во последните неколку месеци е видлив и кај двата рода на сите возрасти во периодот по пандемијата со Ковид-19, за 4-7 процентни единици.




**График 12.** Пропорции на ученици кои биле сајбермалтретирани најмалку еднаш во последните неколку месеци, пред и по ковид

Во 2022 година (пост-ковид) расте пропорцијата (за 5-6 процентни единици) на момчиња и девојчиња кои известуваат дека учествувале во сајбермалтретирање најмалку еднаш во последните месеци.




**График 13.** Пропорции на ученици кои учествувале во сајбермалтретирање најмалку еднаш во последните неколку месеци, пред и по ковид

Во 2022 година расте бројот на момчиња и девојчиња кои учествувале во тепачка најмалку три пати во последните 12 месеци, во однос на 2018 година. Порастот, за 4-5 процентни единици е највидлив кај девојчињата и момчињата на 11 години.




**График 14.** Пропорции на ученици кои учествувале во тепачка најмалку три пати во последните 12 месеци, пред и по ковид.

# Заклучоци

Истражувањето во рамки на Студијата ХБСЦ од 2021/22 година нуди значајни сознанија за врсничкото насилство во нашата земја, видени во споредба со другите земји учеснички во студијата, како и пред и по пандемијата со Ковид-19, низ родова и возрасна димензија. Уште повеќе, ова истражување информира за искуствата на децата кои можат да влијаат на насилното однесување, со што дава цврста основа за креирање политики и акции за спречување на насилството.

Врсничкото насилство во нашата земја е горливо прашање кое сериозно ги засега здравјето и добросостојбата на младите и децата. Тоа е присутно и кај момчињата и девојчињата, независно од социо-економскиот статус на нивните семејства, со исклучок на момчињата од поимотните семејства, кои почесто учествуваат во тепачки, од оние од помалку имотните.

Во споредба со меѓународните просеци во Северна Македонија е повисока пропорцијата на ученици кои учествуваат во малтретирање на свои врсници, дали во живо или онлајн. Пропорциите на „жртви“ на малтретирање и сајбермалтретирање, како и учеството во тепачки, ги следат меѓународните просеци.

Разликите се највидливи во однос на возрасната димензија, откривајќи ја особената ранливост на единаесетгодишните момчиња во поглед на сите форми на врсничко насилство, како што се тепачки, малтретирање и сајбермалтретирање. Тие најчесто се наоѓаат и во улога на „жртви“ и во улога на „насилници“ во сите три форми на насилство.

Со возраста, во просек насилното однесување меѓу учениците од 11 до 15 години од Република Северна Македонија има тенденција да опаѓа, со значајно повисока стапка кај единаесетгодишните момчиња, особено од албанските паралелки. За разлика од малтретирањето, возраста не игра значајна улога во сајбермалтретирањето кое има тенденција да се задржи високо долж сите три возрасти, или да расте, меѓу македонските момчиња и девојчиња. Од друга страна, учеството во тепачки со возраста расте кај учениците момчиња од албанските паралелки, додека кај учениците од македонските паралелки опаѓа.

Родовите улоги и понатаму ги обликуваат однесувањата на момчињата и девојчињата, па така и во ова истражување се покажува дека девојчињата на сите три возрасти двојно помалку учествуваат во тепачки во споредба со момчињата, а и помалку се ангажираат во сајбермалтретирање.

Етничките разлики во насилното однесување на учениците од училиштата со македонски наспроти албански наставен јазик се позначајни во традиционалните форми на насилство (малтретирање и тепачки), при што најпогодени се девојчињата и најмладите (момчиња и девојчиња на 11 години), наспроти онлајн насилството, каде што и девојчињата Македонки со возраста стануваат сè почести жртви.

Споредбите на наодите од пред и пост-ковид периодот (2018-2022 година) укажуваат на значајно зголемување на преваленцијата на сите форми на насилство меѓу учениците во периодот по пандемијата.

Наодите покажуваат и дека децата кои се насилни и малтретирале се група под висок ризик по сопствениот развој и добросостојба, како и по целата заедница. Нивното ментално здравје и општа добросостојба се сериозно загрозени. Зад нивното непожелно однесување присутно е влијанието на трауматски искуства, со слаби одговори, неискористени капацитети за справување, како и сè помала поддршка од значајните возрасни и врсници.

# Препораки

За ефективен пристап кон справувањето и превенцијата на врсничкото насилство, потребно е да се ангажираат институциите и целата заедница. Интервенциите треба да бидат засновани на докази и да се спроведуваат преку сеопфатни и сензитивни пристапи за потребите и правата на децата и младите. Тие треба да обезбедат еднаков пристап и ефикасност за сите млади, независно од нивниот социоекономски статус, род, или кој било друг вид припадност.

За ефикасност и одржливост на интервенциите особено е важно континуирано следење и истражување на состојбите со цел подобро разбирање на еволутивната природа на врсничкото насилство, особено во ерата на дигитални медиуми и брзоменувачките социјални норми.

Интервенциите за спречување на насилство треба да се засноваат на препознаените **протективни фактори**, како што се: личните компетенции ориентирани кон себе си (просоцијалност, самопочит, емпатија), кои се покажале како најсилен протективен фактор за виктимизација; ниската употреба на технологија превенира вклучување во сајбермалтретирање; академскиот успех и социјалните компетенции ориентирани кон другите како најсилни протективни фактори за малтретирање, а пак позитивните врснички интеракции како најсилниот протективен фактор и за малтретирање и за виктимизација (15).

Најитна препорака до образовните институции е да побараат стручна и финансиска поддршка за воспоставување сеопфатен **пристап на цело училиште** (11), во кој ќе се работи на превенција и рана интервенција на повеќе нивоа, со соодветно вклучување на учениците, наставниот кадар, стручната служба, раководството на училиштето, родителите и општината. Во прв ред се наставниците, кои треба да се охрабрат и поддржат преку соодветни обуки за **пристапи информирани за траума** (14). Во директен контакт со децата, на секојдневна основа, тие први можат да забележат и препознаат знаци на каква била форма на страдање и насилство за да можат соодветно да ги поддржат учениците кои се вклучени како „жртви“ или „сторители на насилството“.).Паралелно, соодветно треба да се градат капацитетите и на останатиот кадар во училиштето, како и на родителите, за да може секој од својата позиција на одговорност да ги поддржи децата, особено кога се во неволја.

Децата и младите треба да имаат на располагање **ефективни системи на поддршка во училиштата и заедницата**, кои можат да обезбедат непосредна помош и психолошка поддршка за најпогодените млади, како на пример обезбедување присутност на возрасните за време на одморите, зајакнување на релациските компетенции на наставниците, стручниот кадар и родителите, како што се емпатијата, уважувањето на индивидуалноста, способноста за менување на перспективата и заинтересираноста за детето и неговите потенцијали. Младите треба да се поддржат и во поглед на информираноста за препознавање на различните начини на сајбермалтретирање, како форма на насилство која е во пораст.

Потребно е да се направи **преглед и зајакнување на постоечките политики за превенција на насилството** во рамки на образовните институции и онлајн платформите. Во согласност со нив треба да се спроведат и ревизии на училишните политики во насока на вградување

сеопфатни мерки и протоколи за унапредување на безбедноста на учениците во училиштето, заедницата и во онлајн просторот.

Превенцијата на врсничкото насилство треба да заземе значајно место и во **програмите за унапредување на менталното здравје на учениците** бидејќи раната интервенција и поддршка можат да ги превенираат негативните исходи, како што се анксиозност, депресија, ниско самопочитување и намалена самодоверба.

**Ненасилната култура** потребно е да се негува во училиштата доследно, континуирано и систематски, преку моделирање ненасилна комуникација меѓу возрасните и од нив кон децата. Градењето култура на почитување, грижливост и солидарност меѓу учениците може значајно да ја намали преваленцијата наврсничко насилство. Тоа подразбира одржливи образовни иницијативи, вклученост на заедницата и позитивни модели меѓу возрасните и авторитетите кои имаат влијание врз младите.

Потребно е да се инвестира во **поддршка на учениците за академските постигања**, кои се протективен фактор од вклучување во малтретирање на други. Долгорочните стратегии за градењето безбедни и инклузивни образовни средини се витални за академскиот успех и личниот раст и развој на секој ученик.

За крај, најважно е **да се слушне гласот на децата и младите**, почнувајќи од нивните искуства како жртви на насилство, предизвиците со кои се соочуваат во семејството и на училиште, нивните потреби, како и нивните предлози за справување со насилството. Потребно е да се истакне важноста на емпатијата и разбирањето на искуствата на малтретирање на младите, и оние кои го вршат и оние кои го трпат насилството, нагласувајќи ја важноста на создавање поддржувачки средини и на нивната улога во унапредувањето на добросостојбата на младите.

# Примери на добри практики за превенција на врсничкото насилство

## Пример од нашата земја

Здружението на граѓани Рубикон веќе 25 години ја практикува театарската техника Форум театар во редовната неформална едукација[8]. Оваа техника овозможува гласно изразување на потребите и проблемите, ги разоткрива табу темите и на конструктивен начин го поддржува соочувањето со предизвиците. Публиката не е пасивен набљудувач, туку активно учествува на сцена во изнаоѓање различни решенија за проблематичните ситуации кои се разработуваат преку кратки етиди. Една од целите на оваа театарска техника е поттикнување на индивидуална одговорност и проактивност – поттикување на акција наместо пасивно набљудување. Учеството на сцена и дскусиите во публиката нудат подигање на самодовербата, учење на социјални вештини и мотивирање за излез од удобната зона со цел позитивно влијание во средината.

Здружението има богато искуство во спроведување долготрајни проекти за справување со насилство во образовните институции. Нивното искуство опфаќа работа со ученици, наставници, стручна служба, раководен кадар и сведочи за подигната свест и намалени практики на насилство во заедниците со кои работат.

## Примери од други земји

### Програма Олвеус

Училишната програма за спречување на малтретирање Олвеус[9] е сеопфатно дизајнирана со цел да го спречи или намали малтретирањето во основните и средните училишта (ученици од 6 до 15 години). Ги вклучува целото училиште и заедницата, реструктурирајќи ја постојната училишна средина, под водство на училишниот персонал. Целите на програмата се да го намали и превенира врсничкото насилство, да ги подобри односите меѓу врсниците и да го направи училиштето безбедно и позитивно место за учење и развој на учениците. Програмата ги вклучува и жртвите на малтретирање и оние кои малтретираат, како и нивните наставници и родители/старатели. Се спроведува во повеќе земји во светот, а во САД програмата е присутна во илјадници училишта. Воедно, таа вклучува и лонгитудинално меѓународно истражување кое покажува намалување на врсничкото малтретирање, подобрување на социјалната клима во паралелките и намалување на поврзаните антисоцијални однесувања како што се вандализмот и неоправданите отсуства од училиште.

### Програма КиВа

Програмата КиВа[10] е развиена од Универзитетот во Турку, Финска и е една од најпознатите програми против малтретирање ширум светот, фокусирана и на превенција и на интервенција. Вклучува часови за емоции, групна динамика и стратегии против малтретирање. Исто така, постојат алатки за наставниците да идентификуваат и да интервенираат во ситуации

8 https://www.facebook.com/profile.php?id=100069617085562
9 http://www.mentalhealthpromotion.net/resources/theolweusbullyingpreventionprogram.pdf
10 https://data.kivaprogram.net/

на малтретирање. Клучни карактеристики кои ја издвојуваат програмата се понудата на структурирани лекции за учениците за емпатија, почитување и однесување во група, потоа систематска поддршка и следење, како и онлајн алатки и материјали и за ученици и за наставници. Истражувањето за влијанието на КиВа покажува значително намалување на малтретирањето во училиштата низ Финска. По покажаните резултати програмата е усвоена и во други земји, вклучувајќи ги Естонија и Италија.

# Користена литература


1. Krug EG, Mercy JA, Dahlberg LL, Zwi AB. The world report on violence and health. Lancet. 2002; https://www.thelancet.com/journals/lancet/article/PIIS0140-6736(02)11133-0/abstract (пристапено на 22.09.2024)

2. Keeping the Promise: Ending Violence against Children by 2030, July 2019, United Nations. https://violenceagainstchildren.un.org/sites/violenceagainstchildren.un.org/files/keeping_the_promise.pdf (пристапено на 22.09.2024)

3. Истражување за знаењата, ставовите, практиките и социјалните норми на родителите и старателите во врска со насилните форми на дисциплинирање деца, УНИЦЕФ (2017) Скопје https://www.unicef.org/northmacedonia/media/4241/file/MK_KAPonVAC_Report_MK.pdf (пристапено на 22.09.2024)

4. БИРН, Кевин, Анализа на состојбата на жените и децата во Република Северна Македонија [Електронски извор]: извршно резиме / Кевин Бирн. - Скопје : Канцеларија на УНИЦЕФ, 2020 https://www.unicef.org/northmacedonia/mk/media/8716/file/%D0%95xecutive%20summary:%20An%20analysis%20of%20the%20situation%20of%20women%20and%20children%20(MKD).pdf (пристапено на 22.09.2024)

5. Violence against Children, United Nations Secretary-General's Study, 2006. https://violenceagainstchildren.un.org/sites/violenceagainstchildren.un.org/files/document_files/world_report_on_violence_against_children.pdf (пристапено на 22.09.2024)

6. Cosma, Alina, Molcho, Michal & Pickett, William. (2024). A focus on adolescent peer violence and bullying in Europe, central Asia and Canada. Health Behaviour in School-aged Children international report from the 2021/2022 survey. World Health Organization. Regional Office for Europe. https://iris.who.int/handle/10665/376323 (пристапено на 22.09.2024)

7. Cvetanoska M, Hristov I, Kostarova-Unkovska L & Osmani-Balazhi S (2024) Violence and Powerlessness – A Look at Vulnerability and Overcoming. Unpublished paper, presented at the International Conference: 50 years Institute of Psychology at the University Ss. Cyril and Methodius, Skopje

8. Erikson, E. H. (1980). *Identity and the life cycle.* W W Norton & Co.

9. Училиште по мерка на детето, експертска група МОН и УНИЦЕФ, 2006

10. Craig, W. M., & Pepler, D. J. (1997). Observations of bullying and victimization in the school yard. *Canadian Journal of School Psychology, 13*(2), 41-59. https://doi.org/10.1177/082957359801300205 (пристапено на 23.09.2024)

11. Olweus, D. (1997). Bully/victim problems in school: Facts and intervention. *European Journal of Psychology of Education, 12*(4), 495–510. https://doi.org/10.1007/BF03172807 (пристапено на 23.09.2024)

12. Olweus, D. (1996). The Revised Olweus Bully/Victim Questionnaire. Bergen, Norway: Research Center for Health Promotion (HEMIL Center), University of Bergen.

13. Schoffstall, C., & Cohen, R. (2011). Cyber aggression: The relation between online offenders and offline social competence. *Social Development, 20* (3), 587-604. https://doi.org/10.1111/j.1467-9507.2011.00609.x (пристапено на 23.09.2024)

14. Valgiusti F. (2022) Trauma informed approach, An introductory Handbook. Retrieved on 1 July 2024 from: https://www.unicef.org/northmacedonia/reports/trauma-informed-approach

15. Zych, I., Ortega-Ruiz, R., & Del Rey, R. (2019). Scientific research on bullying and cyberbullying: Where have we been and where are we going?. Aggression and Violent Behavior, 45, 1-10.

Националното истражување во 2021/2022 година беше спроведено од Центарот за психо-социјална и кризна акција-Малинска и националниот тим на студијата ХБСЦ, под раководство на Главниот истражувач за Република Северна Македонија, Лина Ќостарова Унковска и националниот тим составен од: Шерузе Османи Балажи, Универзитет во Тетово; Калина Сотироска Иваноска, Универзитет Св. Кирил и Методиј; Маја Цветаноска, Центар за истражување, образование и развој-РЕД Центар; Луљета Беџети, Универзитет во Тетово; Ибрахим Незири, Универзитет во Тетово; Ана Попризова, СУГС „Орце Николов", Скопје и Иван Христов, Центар за истражување, образование и развој-РЕД Центар.

Центар за психо-социјална и кризна акција-Малинска
бул.Партизански Одреди 23-1/3
02 3298238
https://cpka.mk
https://hbscmacedonia.wordpress.com/
http://www.hbsc.org/

